# Европска Младинска Фондација

## Поддршка за младите и младинските организации



ЕМФ ја поддржува младинската соработка преку обезбедување финансиска поддршка на европски активности кои промовираат мир, разбирање и соработка меѓу младите луѓе од Европа и светот, во духот на почитување на човековите права и основните слободи.

Youth – Jeunesse

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE




## СОВЕТОТ НА ЕВРОПА И МЛАДИТЕ

Советот на Европа има за цел да ги поддржува човековите права, демократијата и владеењето на правото низ европскиот континент. Советот е основан во 1949 година непосредно по Втората светска војна и е најстарата политичка организација во Европа. Денес вклучува 46 земји-членки.

## МИСИЈА НА МЛАДИНСКИОТ СЕКТОР

Мисијата на младинскиот сектор на Советот на Европа е „да им овозможи на младите луѓе низ Европа активно да ги поддржуваат, бранат, промовираат и да имаат корист од основните вредности на Советот на Европа“.

Тоа го прави преку меѓувладина соработка за младинската политика, програми за обука и образование поврзани со човековите права и демократијата, кампањи и проекти за соработка, развој на истражувања и поддршка на проекти на младински организации.

### ПРИОРИТЕТИТЕ НА МЛАДИНСКИОТ СЕКТОР

- ревитализација на плуралистичката демократија, промовирање на демократско граѓанство, партиципативни политики, отстранување на бариерите за учество;
- пристап на младите до правата, поддршка на имплементацијата на стандардите на Советот на Европа на ова поле, промовирање на образованието за човекови права;
- заеднички живот во мирни и инклузивни општества, спротивставување на дискриминацијата, насилството и исклученоста и промовирање на европското единство, глобалната солидарност, мирот, различноста, меѓукултурниот и меѓугенерацискиот дијалог и одржливоста на животната средина;
- младинска работа, зајакнување, препознавање и унапредување на младинската работа, подобрување на нејзиниот квалитет и проширување на пристапот и атрактивноста на младинската работа.

*(Стратегија за младинскиот сектор 2030)*

Во младинскиот сектор на Советот на Европа, претставниците на младинските организации донесуваат одлуки рамо до рамо со владините претставници за младинските приоритети, програми и политики.




## ЕВРОПСКАТА МЛАДИНСКА ФОНДАЦИЈА

ЕМФ обезбедува финансиска и образовна поддршка за младински проекти на младински организации развиени од, со и за млади луѓе, од земјите-членки на Советот на Европа и државите членки на Европската културна конвенција.

Европската Младинска Фондација (ЕМФ) е фонд основан од Советот на Европа во 1972 година.

**Водечки принцип на ЕМФ:**
**ОД, СО и ЗА млади луѓе.**

## ЕМФ ВО КРАТКИ ЦРТИ

- Фонд за поддршка на младински активности, младинска работа и младински организации во Европа
- Инструмент на младинскиот сектор на Советот на Европа за промовирање на вредностите и приоритетите на организацијата
- Партнер на локални, национални и меѓународни невладини младински организации и мрежи, за зајакнување на граѓанското општество

## СЕКОЈА ГОДИНА

- ЕМФ поддржува околу 200 младински проекти
- Проектите финансирани од ЕМФ допираат до околу 15 000 млади луѓе
- ЕМФ дистрибуира околу 3,5 милиони евра грантови за младински невладини организации

ЕМФ е со седиште во Стразбур, Франција, а нејзините канцеларии се наоѓаат во Европскиот Младински Центар. ЕМФ е дел од Секторот за млади во Дирекцијата за демократија. Работните јазици на ЕМФ се англиски и француски.





## ШТО ПОДДРЖУВА ЕМФ?

- Активности наменети за зајакнување на мирот и соработката меѓу младите луѓе, поттикнување на вмрежување, размена и взаемна поддршка
- Младински проекти во согласност со вредностите, принципите и приоритетите на младинскиот сектор на Советот на Европа
- Различни активности вклучувајќи кампањи за подигање на свеста, активности за градење капацитети, истражувања, онлајн алатки и едукативни или информативни материјали

ЕМФ поддржува проекти кои:

- вклучуваат првенствено млади луѓе на возраст од 15 до 30 години;
- се засноваат на потребите и аспирациите на младите луѓе;
- имаат европска димензија;
- имаат пристап на неформално образование;
- ја земаат предвид родовата еднаквост и вклученоста на маргинализираните групи.

## ЕМФ НЕ ПОДДРЖУВА

Активности како што се комерцијални проекти, статутарни состаноци, хуманитарна помош, професионални спортски натпревари, градежни работи, туризам или стипендии.

## КОЈ МОЖЕ ДА АПЛИЦИРА ЗА ГРАНТОВИТЕ НА ЕМФ?

Младински невладини организации од земјите членки на Советот на Европа и државите членки на Европската културна конвенција:

- национални или локални младински организации;
- меѓународни младински организации присутни во најмалку седум земји;
- меѓународни мрежи на младински организации од најмалку седум земји;
- регионални мрежи на младински организации од 4-6 земји.

Организациите кои аплицираат мора да:

- бидат непрофитни и невладини;
- да имаат свој статут;
- да бидат предводени од млади: раководени од и за млади луѓе на возраст од 15-30 години;
- да работат во согласност со вредностите и принципите на Советот на Европа.




## ЕМФ ГРАНТОВИ

ЕМФ обезбедува четири типа грантови:

- грантови за локални или национални проекти (пилот активности) кои се однесуваат на предизвиците со кои се соочуваат младите луѓе и нивните потреби на локално ниво;
- грантови за меѓународни активности. Тоа се состаноци на млади луѓе или младински лидери кои имаат јасна европска димензија;
- грантови за меѓународни младински организации и мрежи за поддршка на нивните годишни планови за работа (група последователни и меѓусебно поврзани активности) во период од една година;
- структурни грантови за меѓународни младински организации и мрежи за покривање на нивните генерални административни трошоци.

## ЕДУКАТИВНА ПОДДРШКА НА ЕМФ

ЕМФ обезбедува:

- совети до младинските невладини организации да ги разјаснат и подобрат нивните предлози за проекти доставени до ЕМФ;
- образовна поддршка и поддршка за градење капацитети на младинските организации за зајакнување на квалитетот на нивните проекти;
- информативни сесии за корисниците и партнерите за случувањата во Фондацијата;
- алатки за подобрување на квалитетот на младинските проекти.

## КАКО ДА АПЛИЦИРАТЕ ЗА ГРАНТОВИТЕ НА ЕМФ – ЧЕКОР ПО ЧЕКОР

1. Регистрација во ЕМФ: поднесете барање за регистрација на онлајн системот на ЕМФ (fej.coe.int).
2. Поднесување на онлајн апликација за грант во соодветниот рок.
3. Проценка на поднесената пријава. Процесот може да вклучи комуникација со невладината организација апликант за да се разјасни нивниот предлог.
4. Одлука за апликацијата од страна на Програмскиот Комитет за Млади - ко-менаџмент статутарно тело на младинскиот сектор, формирано од 8 претставници на младински невладини организации и 8 владини претставници.

# ЕВРОПСКА МЛАДИНСКА ФОНДАЦИЈА

Council of Europe
30, rue Pierre de Coubertin
F-67000 Strasbourg, France
+33 3 88 41 20 19
eyf@coe.int
http://eyf.coe.int
www.coe.int/en/web/youth/youth-strategy-2030

Следете нè:

MKD

www.coe.int

Советот на Европа е водечка организација за човекови права на континентот. Таа се состои од 46 земји членки, вклучувајќи ги сите членки на Европската унија. Сите земји-членки на Советот на Европа се потписнички на Европската конвенција за човекови права, договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права го надгледува спроведувањето на Конвенцијата во земјите-членки.